ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ, ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКА ЕТИКА – ПОЛИМАТ 13
ASSOCIATION FOR DEVELOPMENT, EDUCATION AND ECOLOGICAL ETHICS –POLYMATH 13
ул. „Маршал Тито“ бр.64, 1484 Богданци

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2021 ГОДИНА

ПОЛИМАТ 13 во 2021 година продолжи со редовните активности и проекти во рамките на можностите кои сè уште беа ограничени поради ситуацијата со пандемијата со Ковид 19. Спроведувањето на теренските активности се одвиваше во рамки на проектниот тим и Македонско еколошко друштво и соработниците. И покрај ваквите услови сепак сите планирани активности потполно ги спроведовме, учествувавме на работилници и обуки на кои доколку не се одвиваа онлајн ќе ни беше оневозможено присуството, така што успеавме да ги надоградуваме знаењата и вештините на нашите членови.

Во септември месец претставници на ПОЛИМАТ 13 учествуваа на зелениот караван организиран од Мрежата за рурален развој во чии рамки посетивме неколку компании кои се занимаваат со зелено претприемништво односно практични примери на бизниси кои ги намалуваат еколошките ризици и недостатоци.

## Реализирани проекти во 2021 година

Во 2021 година продолжи со реализација проектот **„Зачувување на ендемичните растенија во Република Македонија“.** Проектот финансиски е поддржан од Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund).
Покрај редовните активности, мониторингот и теренската работа кои беа спроведувани заедно со претставници од Македонско еколошко друштво, оваа година работевме на инфраструктурата во Значајнот растително подрачје „Богданци“.

Во месец мај беше изработен мурал со растението Astragalus physocalyx (Меурест козинец) во градскиот парк во Богданци. Изработката на муралот е дел од активностите за промоција на Богданци како значајно подрачје за диворастечки растенија и единствено место во Македонија каде вирее Меурестиот козинец. На изработката на муралот и претходеа консултации и координација со уметниците Ана Димчевска Семенпеева и Виктор Семенпеев.

Во текот на летните месеци се вршеше подготовка на информативни табли за ЗРП „Богданци“ како и за Меурестиот козинец. Овие табли во месец октомври беа поставени на пешачката

патека која води до локалитет каде може да се види растението и каде што се одвиваат пешачките тури кои ПОЛИМАТ 13 ги организира и со кои правиме промоција на подрачјето и растението. Исто така, беше извршено и маркирање на пешачката патека.

**Подобрување на биодиверитетот на Дојранското Езеро преку соработка со сите општествени чинители и спроведување на екосистемски практики**

Во месец ноември заврши овој проект кој ПОЛИМАТ 13 го реализираше заедно со општина Дојран како локален партнер на Милиеуконтакт Македонија. Цел на проектот беше да се воспостави одржливо управување со Споменикот на природа Дојранско Езеро. Во рамки на проектот беа реализирани директни активности за зачувување и заштита на загрозените видови. Исто така, овој проект ги опфаќа прашањата за квалитетот на езерската вода и нарушувањето на видовите и нивните живеалишта, делот во кој најактивно беше вклучен ПОЛИМАТ 13.

Проектот финансиски го поддржа Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund).